Врз основа на член 8 и член 18 став 1 алинеја 12 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги („Службен весник на Република Македонија“ бр.184/13, 13/14, 44/14, 101/14, 132/14, 142/16, 132/17, 168/18, 248/18 и 27/19 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.42/20 и 77/21), а во врска со член 20 став 1 алинеја 10 од истиот Закон и член 16 став 1 од Деловникот за работа на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги (Пречистен текст) бр.01-3732/1 од 29.07.2019 година, согласно Заклучокот бр.02-2530/3 од 01.07.2022 година, Советот на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги на 25-та седница одржана на 01.07.2022 година ја донесе следната:

# ОДЛУКА

1. Се одобрува ребаланс на Финансискиот план на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги за 2022 година, бр.05-1929/1 од 09.05.2022 година.

Вкупно планираните расходи според Финансискиот план на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги за 2022 година остануваат на претходно утврденото ниво, односно изнесуваат 133.754.238,00 денари.

2. Со ребалансот од точка (1) на оваа Одлука се обезбедуваат финансиски средства во вкупен износ од 4.800.000,00 денари, наменети за:

- зголемување на средства за исплата на месечен надоместок за членовите на Советот на Агенцијата за период од 6 месеци во 2022 година.

3. Обезбедувањето на финансиските средства од точка (2) на оваа Одлука се извршува со измена на следните позиции:

- Групната ставка **460 – Вкалкулирани плати** се намалува за 4.800.000,00 денари и истата наместо досегашниот износ од 59.745.238,00 денари, изнесува 54.945.238,00 денари.
- Позицијата **460000 – Нето плати и надомести за плати** се намалува за 3.111.280,00 денари и наместо сегашниот износ од 39.363.811,00 денари, изнесува 36.252.531,00 денари.
- Позицијата **460200 – Персонален данок на плати и надомест на плати** се намалува за 344.720,00 денари и наместо сегашниот износ од 3.652.764,00 денари, изнесува 3.308.044,00 денари.
- Позицијата **460300 – Придонес за пензиско и инвалидско осигурување** се намалува за 902.400,00 денари и наместо сегашниот износ од 11.232.103,00 денари, изнесува 10.329.703,00 денари.
- Позицијата **460310 – Придонес за вработување** се намалува за 57.600,00 денари и наместо сегашниот износ од 716.941,00 денари, изнесува 659.341,00 денари.
- Позицијата **460320 – Придонес за здравствено осигурување** се намалува за 360.000,00 денари и наместо сегашниот износ од 4.480.895,00 денари, изнесува 4.120.895,00 денари и
- Позицијата **460330 – Придонес за професионално заболување** се намалува за 24.000,00 денари и наместо сегашниот износ од 298.724,00 денари, изнесува 274.724,00 денари.

- Групната ставка **<u>414 – Надоместоци на трошоци на работници и граѓани</u>** се зголемува за 4.800.000,00 денари и истата наместо досегашниот износ од 6.955.000,00 денари, изнесува 11.755.000,00 денари.
- Позицијата **<u>414901 – Други надоместоци – членови на Совет на Агенцијата</u>** се зголемува за 4.800.000,00 денари и наместо сегашниот износ од 4.500.000,00 денари, изнесува 9.300.000,00 денари.

4. Оваа Одлука влегува во сила веднаш.

**О б р а з л о ж е н и е**

Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги потребно е да изврши ребаланс на Финансискиот план на Агенцијата за 2022 година, со цел да се обезбедат средства наменети за:

- зголемување на средства за исплата на месечен надоместок за членовите на Советот на Агенцијата за период од 6 месеци во 2022 година во износ од 4.800.000,00 денари.

Во усвоениот Финансиски план за 2022 година, беа предвидени средства за надоместоци за членовите на Советот и тоа за период од 6 месеци на ставката Вкалкулирани плати и за период од 6 месеци на ставката Надоместоци на трошоци на работници и граѓани. Од причина што сеуште нема избор на нови членови на Совет на Агенцијата кои треба да бидат на платниот список на Агенцијата, потребно е средствата од групната ставка Вкалкулирани плати во износ од 4.800.000,00 денари да се префрлат на групната ставка Надоместоци на трошоци на работници и граѓани за период од 6 месеци.

За да се обезбедат 4.800.000,00 денари, потребно е да се изврши измена на следните позиции во усвоениот Финансиски план на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги за 2022 година и тоа: Групната ставка 460 - Вкалкулирани плати се намалува за 4.800.000,00 денари и истата наместо сегашниот износ од 59.745.238,00 денари изнесува 54.945.238,00 денари. Позицијата 460000 – Нето плати и надомести за плати се намалува за 3.111.280,00 денари и истата наместо сегашниот износ од 39.363.811,00 денари изнесува 36.252.531,00 денари. Позицијата 460200 – Персонален данок на плати и надомест на плати се намалува за 344.720,00 денари и истата наместо сегашниот износ од 3.652.764,00 денари изнесува 3.308.044,00 денари. Позицијата 460300 – Придонес за пензиско и инвалидско осигурување се намалува за 902.400,00 денари и истата наместо сегашниот износ од 11.232.103,00 денари изнесува 10.329.703,00 денари. Позицијата 460310 – Придонес за вработување се намалува за 57.600,00 денари и истата наместо сегашниот износ од 716.941,00 денари изнесува 659.341,00 денари. Позицијата 460320 – Придонес за здравствено осигурување се намалува за 360.000,00 денари и истата наместо сегашниот износ од 4.480.895,00 денари изнесува 4.120.895,00 денари и Позицијата 460330 – Придонес за професионално заболување се намалува за 24.000,00 денари и истата наместо сегашниот износ од 298.724,00 денари изнесува 274.724,00 денари.

Групната ставка 414 – Надоместоци на трошоци на работници и граѓани се зголемува за 4.800.000,00 денари и истата наместо сегашниот износ од 6.955.000,00 денари изнесува 11.755.000,00 денари. Позицијата 414901 – Други надоместоци – членови на Совет на Агенцијата се зголемува за 4.800.000,00 денари и истата наместо сегашниот износ од 4.500.000,00 денари изнесува 9.300.000,00 денари.

Имено, со предложениот ребаланс на финансискиот план за 2022 година, вкупните планирани расходи според планот ќе останат на претходно утврденото ниво, односно ќе изнесуваат 133.754.238,00 денари.

Следствено на сето погоре наведено, а врз основа на член 8 и член 18 став 1 алинеја 12 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги („Службен весник на Република Македонија" бр.184/13, 13/14, 44/14, 101/14, 132/14, 142/16, 132/17, 168/18, 248/18 и 27/19 и „Службен весник на Република Северна Македонија" бр.42/20 и 77/21), а во врска со член 20 став 1 алинеја 10 од истиот Закон и член 16 став 1 од Деловникот за работа на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги (Пречистен текст) бр.01-3732/1 од 29.07.2019 година, согласно Заклучокот бр.02-2530/3 од 01.07.2022 година, Советот на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги на 25-та седница одржана на 01.07.2022 година, донесе одлука како во диспозитивот.

**Бр. 05-2667/1**

**01.07. 2022 година**
**С к о п ј е**

**Агенција за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги,**
**Претседател на Советот,**

**Лазо ПЕТРУШЕВСКИ**

Примерок од Одлуката да се достави до:
- Директорот;
- Секторот за финансии и логистика;
- Секторот за правни работи и јавни набавки и
- Секторот за информатичка поддршка и општи работи-Архива.